Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6166 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово - дигитален пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 01.12.2016 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската во член 141 – *„Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“* од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**5. Претходно изречени мреки:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитување на програмски сервиси Уп.1 бр.11-525 од 20.10.2016 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-4895/1 од 14.10.2016 година.

Решението е уредно примено на 21.10.2016 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово - дигитален пакет констатирано е дека операторот постапил во целост по упатеното решение

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**